# ПОЛИТИКА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

## ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА АД ПРИЛЕП



ЈАНУАРИ • 2021

www.prilepskapivarnica.com.mk

Врз основа на член 67 од Статутот на Прилепска пиварница АД Прилеп, Управниот одбор на состанокот одржан на 18.01.2021 година ја донесе следната:

# ПОЛИТИКА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Заедно со Кодексот на професионално и етичко однесување, оваа политика ја нагласува обврската на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп да дејствува етички и одговорно во сите деловни активности, обезбедувајќи јасна рамка која:
• Забранува подмитување во јавен сектор и комерцијално подмитување,
• Ги објаснува правилата кои мора да се следат во врска со подароци, оброци, патувања и забава во врска со службените лица и клиенти, добавувачите и останатите трети страни
• Ја нагласува важноста од водење и одржување на точни деловни книги и евиденција на сите трансакции поврзани со Прилепска пиварница А.Д. Прилеп

Сите вработени во Прилепска пиварница АД Прилеп имаат одговорност да постапуваат во согласност со принципите против корупција наведени во оваа политика

## 1. <u>ДЕФИНИЦИИ</u>

За целите на оваа политика, „службено лице“, „поткуп“, „што било од вредност“ и „олеснувачки плаќања“ се дефинирани подолу.

**Дефиниција за „службено лице“**

• Службеници на државно или локално ниво, вклучително и членови на законодавни тела, претставници на извршна власт, членови на управните тела, државни организации и агенции и претставници на судската власт, и други лица вработени во јавниот сектор, независно дали се именувани или избрани,
• Кандидати за политичка функција
• Секоја политичка партија или службено лице на политичка партија
• Претставници на јавни меѓународни организации
• Вработени во државно претпријатие
• Членови на кралски семејства
• Вработени во јавни меѓународни добротворни организации
• Сопружници или членови на потесното семејство на кое било лице од горенаведените

**Дефиниција на „поткуп“**
„Поткуп“ е било кое плаќање, или понуда за плаќање, на било што од вредност (на службено лице или на кое било лице или субјект во приватниот сектор) ако плаќањето е наменето да го предизвика примателот да ја злоупотреби својата позиција или да се добие или задржи нефер деловна предност.

**Дефиниција на „што и да е од вредност“**

„Што и да е од вредност“ може да биде готовина, картички за подароци, ваучери, подароци, оброци, стоки, услуги, билети за настани, забава, поволности за патувања, употреба на куќи за одмор, авионски билети или сместување, специјални услуги, донации во назначени добротворни организации, попусти, лични услуги, заеми, ветување за идно вработување и слично, за кое може да се смета дека има некаква вредност.

**Дефиниција на “олеснувачки плаќања“**
„Олеснувачко плаќање“ или „плаќање за подмачкување“ е плаќање направено на службено лице за забрзување на недискреционите активности или услуги, како што се добивање лиценци или дозволи за работа или обработка на документи, добивање на визи или постапки за царинење, обезбедување полициска заштита услуга, обезбедување комунални услуги како телефонски услуги, вода и енергија и слично.

## 2. ПОТКУП И ОЛЕСНУВАЧКИ ПЛАЌАЊА

Ниту еден вработен во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп не смее да дава или нуди поткуп или олеснувачки плаќања. Иако според законите на одредени земји, олеснувачките плаќања може да бидат легални, Прилепска пиварница А.Д. Прилеп не дозволува олеснувачки плаќања и смета дека се кршење на оваа политика. Соодветно на тоа, сите препораки во рамките на оваа политика за поткуп се однесуваат и на олеснувачките плаќања.

Ако било кој вработен во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп добие барање за поткуп, мора да одбие да ја изврши исплатата (освен ако не е безбедно да го стори тоа како што е наведено подолу) и мора веднаш да го пријави барањето до Општ и правен сектор. Вработениот во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп може да изврши исплата само ако има разумно уверување дека одбивањето да плати би ги загрозило неговото здравје и безбедност. Доколку биде принуден да даде поткуп со цел да се избегне опасна ситуација, плаќањето и околностите мора веднаш по истекот на опасноста да се пријават во Општ и правен сектор.
Како што е наведено во точка 5 подолу, сите плаќања мора точно да бидат евидентирани.

## 3. РИЗИКИ ОД ПОДМИТУВАЊЕ ПОВРЗАН СО ТРЕТИ СТРАНИ

Според оваа политика, трета страна е секое правно или физичко лице кое Прилепска пиварница А.Д. Прилеп во свое име го ангажира за вршење деловна активност, како што се добавувачи, дистрибутери, посредници, агенти, компании за маркетинг, консултанти, продавачи, даватели на услуги и слично.

Компанијата може да биде одговорна за постапките од третите страни кои нудат или плаќаат поткуп на службени лица. Затоа, оваа политика забранува поткуп дадени преку трети лица. Исто така, повреда на оваа политика е да се игнорираат и знаците за предупредување кои сугерираат дека активностите на трета страна може да резултираат со давање или понуда на поткуп.

Секој вработен кој ангажира трета страна кои може во име на компанијата да вршат интеракции со службени лица мора претходно да спроведе „due diligence“ анализа.

## 4. ПОДАРОЦИ, ОБРОЦИ, ПАТУВАЊА И ЗАБАВА

Никогаш не е дозволиво да се даде или прими подарок, оброк, патување или забава со цел неправилно влијание врз службено лице или клиенти, добавувачи или останати трети страни.

### КЛИЕНТИ, ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ТРЕТИ СТРАНИ

Бидејќи подарокот или гостопримството кон или од вработен во Прилепска пиварница АД Прилеп има вредност, тоа има потенцијал да биде поткуп. Пред да понудите или прифатите подарок или гостопримство, осигурете се дека во најмала мера:

• е даден со добра волја, без да се очекува каква било повратна услуга или несоодветна корист или деловна предност

• е разумен и вообичаен, што значи во согласност со општо прифатените стандарди за професионална учтивост
• е обезбедена отвореност и транспарентност
• се дадени ретко без да се создаде изглед на непристојност
• се дозволени според локалните закони и регулативи

| **Било кој подарок мора да ги исполнува следните дополнителни критериуми:** | **Било кое гостопримство мора да ги исполнува следните дополнителни критериуми:** |
|---|---|
| • мора да има номинална вредност под 50 ЕУР | • да биде bona fide и за легитимна деловна цел |
| • да биде даден од името на Прилепска пиварница АД Прилеп, а не од името на поединец | • да биде непосредно поврзана со вршењето на дејноста на компанијата |

**СЛУЖБЕНИ ЛИЦА**

Според оваа политика, на вработените во Прилепска пиварница АД Прилеп генерално им е забрането да даваат што и да е од вредност, вклучително и подароци, на службени лица, бидејќи таквите постапки можат да ги кршат законите за борба против корупцијата. Меѓутоа, под ограничени околности, може да се дозволи разумен подарок или гостопримство на службено лице, под услов вработениот во Прилепска пиварница АД Прилеп да има добиено претходно одобрение од Генерален директор или Заменик генерален директор, а трошокот да ги исполнува условите опишани погоре.

**ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАДОМЕСТ**

Кога се бара надомест на трошоците за какви било подароци, оброци, патувања и забава обезбедени на службени лица, вработените во Прилепска пиварница АД Прилеп мора јасно да ги наведат на извештаите за надомест името, насловот на институцијата на која припаѓа службеното лице и целта на трошокот како и потврда за трошокот, без оглед на вредноста.

**ИСКЛУЧОЦИ ОД УСЛОВОТ ЗА ПРЕТХОДНО ОДОБРУВАЊЕ**

Претходното одобрување не е потребно за трошоци поврзани со службени лица само во следниве ситуации:

- давање промотивни или рекламни предмети со логото на Прилепска пиварница АД Прилеп (како што се брендирани маици, брендирани чаши, капи или слични предмети), со вредност од 50 ЕУР или помалку, а притоа на годишно ниво да не надминува 50 ЕУР по службено лице, а во однос на правниот субјект каде работи службеното лице да не надминува 150 ЕУР годишно

- Гостопримливост за службени лица (de minimis), како што се сендвич, пијалак, закуска и сл., без разлика дали се во или надвор од просториите на Прилепска пиварница АД Прилеп и со вкупен износ од 10 ЕУР по лице, сè додека гостопримството е обезбедено во врска со активното водење деловни активности на компанијата. Не е дозволено повторливо гостопримство за службено лице.

## 5. ТОЧНИ ДЕЛОВНИ КНИГИ И УРЕДНА ЕВИДЕНЦИЈА

Многу закони против корупција бараат од компаниите да водат точни деловни книги и да имаат уредна евиденција, како и да воспостават адекватна внатрешна контрола за сите деловни трансакции за покрај другите причини, да спречат и прикривање на неправилни плаќања. Прилепска пиварница АД Прилеп бара нејзините деловни книги и евиденци да бидат точен и уреден одраз на

фактите и да обезбедат доволно информации за целосно разбирање на трансакциите. Трансакциите никогаш не треба да се вршат без соодветно одобрување од претпоставените лица и треба да бидат евидентирани на транспарентен начин кој ќе овозможи точна подготовка на финансиските извештаи.

## 6. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРЕКРШУВАЊА

Сите вработени во Прилепска пиварница АД Прилеп се должни да пријават сомневања за кршење на оваа политика или каков било закон за спречување корупција. Пријавите за прекршувањата треба да се адресираат до Општ и правен сектор. Прилепска пиварница АД Прилеп забранува одмазда против било кое лице кое со добра волја известува за однесување за кое смета дека претставува кршење на Кодексот на професионално и етичко однесување, политиките на Прилепска пиварница АД Прилеп или законот.

## 7. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Секој вработен во Прилепска пиварница АД Прилеп кој ја прекршува оваа политика може да биде предмет на дисциплинска постапка утврдена од компанијата и може да му биде изречена дисциплинска мерка вклучително и престанок на работниот однос.

Прилепска пиварница АД Прилеп

____________________________

Генерален директор и Претседател на Управен одбор
Сашко Самарџиоски